Врз основа на член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравствено осигурување („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 65/2012, 16/2013, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/2016 и 171/2017) и член 14 став 1 и став 2 од Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи - аптеки („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 198/2019), Управниот Одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 30 септември 2019 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА СКАПИ ЛЕКОВИ ОД ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РСМ ШТО СЕ ИЗДАВААТ НА РЕЦЕПТ ВО ПРИМАРНАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Член 1

Како скапи лекови од Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување, а се издаваат на рецепт во примарната здравствена заштита, во смисла на Правилникот за критериумите за склучување на договори и начинот на плаќање на здравствените услуги од приватните здравствени установи - аптеки, се утврдуваат следните лекови:

Реден број	АТЦ код	Генеричко име-INN	Фармацевтска дозажна форма	Јачина
1	A05AA02	Ursodeoxycholic acid	Перорална суспензија	250 mg/5ml
2	A07EC02	Mesalazine	Супозитории	500mg
3	A07EC02	Mesalazine	Клизми	4g/60ml
4	A09AA02	Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin	Капсули	8000E + 10000E + 600E (150mg)
5	A09AA02	Amilase + Lipase + Protease / Pankreatin	Капсули	18000E + 25000E + 1000E (300mg)
6	H01BA02	Desmopressin	Назален спреј	0,1mg/ml
7	H01BA02	Desmopressin	Таблети	0,2mg
8	J05AB04	Ribavirin	Таблети / капсули	200mg
9	J05AF05	Lamivudine	Таблети	100mg
10	L04AD01	Ciclosporin	Капсули	25mg
11	L04AD01	Ciclosporin	Капсули	50mg
12	L04AD01	Ciclosporin	Капсули	100mg
13	L04AD02	Tacrolimus	Капсули	1mg
14	L04AD02	Tacrolimus	Капсули	0,5mg
15	L04AD02	Tacrolimus	Капсули	5mg
16	L04AA06	Mycophenolic acid	Таблети	180mg
17	L04AA06	Mycophenolic acid	Таблети	360mg
18	M05BA02	Clodronic acid	Капсули	400 mg
19	N02AA01	Morphine	Подјазична таблета	20mg
20	N03AX14	Levetiracetam	Раствор за орална употреба	100 mg/ml

21	N04BA03	Levodopa + carbidopa + entacapone	Таблети	50mg + 12,5mg + 200mg
22	N04BA03	Levodopa + carbidopa + entacapone	Таблети	100mg + 25mg + 200mg
23	N04BA03	Levodopa + carbidopa + entacapone	Таблети	150mg + 37,5mg + 200mg
24	R03AK07	Formoterol + beclometasone	Инхалациски раствор под притисок	6mcg / 100mcg
25	R03AK07	Formoterol + beclometasone	Инахалациски раствор под притисок	6mcg / 200mcg

Член 2

Здравствените установи аптеки ги фактурираат реализираните рецепти за скапи лекови од член 1 на оваа одлука во посебна фактура до Фондот.

Здравствената установа аптека кон секој рецепт од став 1 на овој член, приложува копија од соодветна медицинска документација (суб/специјалистички извештај, отпусно писмо или конзилијарно мислење) со препорака за лекот, согласно Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 01.10.2019 година.

Одлуката се објавува на веб-страницата на Фондот.

Број: 02 - 16333/2

01. 10. 2019 **година**

Скопје

Управен одбор / Bordi drejtues
Претседател / Kryetar
D-r Ridvan ASANI